# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 6 * година VI* 16.05.2011 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, мај 2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба “Тафталиџе“, “Тафталиџе 1 север-југ“, Општина Карпош – Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба “Тафталиџе“, “Тафталиџе 1 север-југ“, Општина Карпош – Скопје. донесена на Триесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 мај 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-4278/1**
**16.05.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и петтата седница одржана на 13.05. 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од населба Тафталиџе, "Тафталиџе 1 север-југ", Општина Карпош – Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба "Тафталиџе", "Тафталиџе 1 север-југ", Општина Карпош – Скопје.

Нацрт-деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На исток:** оди по осовината на улица "Париска"
**На север:** оди по осовина на Булевар "Партизански одреди"
**На запад:** оди по осовината на улица Лондонска
**На југ:** границата оди по осовината на улица Прашка

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 28,76 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување,комерцијални дејности,јавни институции,зеленило,спорт и рекреација,меморијални простории и инфраструктура.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени:

**А – Домување**
-А1 - домување во станбени куќи
-А2-Домување во станбени згради
**Б – комерцијални дејности**
**-Б1-**Мали комерцијални и деловни намени
В – Јавни институции
-В1-Образование
-В2-Здравство и социјална заштита
-В3-Култура
**Д – Зеленило,спорт и рекреација,меморијални простори**
Д1 - парковско зеленило
Д3 - спорт и рекреација
**Е-Инфраструктура**
Е2-трафостаница

Максималната висина за градбите во планот се изразува како вертикално растојание меѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и таа се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на катови кој може да се гради во одредена височина, при што максималната висина на објектите изнесува Н мах.= 8,80.

Со Нацрт-планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/;
- регулациона линија;
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради;

- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/;
- процент на изграденост /%/;
- максимална развиена површина на објект /м2/;
- коефициент на искористеност /К/;
- намена на објектот;
- максимална висина на објектот /до завршниот венец/ од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека;
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел;
- Графички прилози;
- Основни праметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење од Комисијата за давање мислења на нацрт-плановите, со утврдување на времето и местото каде што ќе биде изложен планот и спроведување на јавна презентација и на јавна анкета.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-4090/1<br>13.05.2011 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>**Трифун Трифуновски ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Програмата за одбележување на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош

1.Се објавува Програмата за одбележување на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош донесена на Триесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 мај 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-4278/2**
**16.05.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), Советот на Општина Карпош, на Триесет и петтата седницата одржана на 13 мај 2011 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за одбележување на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош

Општината Карпош е формирана во 1976 година со Законот за формирањето на општините на Град Скопје и за утврдувањето на нивните подрачја („Службен весник на СРМ“ бр. 8/76). Оваа година, на 3.11.2011 година, Општината Карпош ја одбележува 35-годишнината од своето основање. Во тие рамки е изготвена и Програмата за одбележување на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош во која се поместени активностите кои ќе бидат изведени по тој повод.

Програмата за одбележување на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош ќе се реализира во текот на десет дена и ќе се состои од 12 дела:

1.1. Подготовка и печатење на монографија за 35-годишниот развој на Општина Карпош[2].

1.2. Пуштање во употреба на нови инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Карпош.

1.3. Организирање на трибина на тема „Локалната самоуправа – состојби, искуства и перспективи“.

1.4. Тркалезна маса на тема „Триесет и пет годишниот развој на Општина Карпош“.

1.5. Културно-забавни активности:
- Организирање на концерт;
- Изложба од конкурсот за најдобра фотографија на учениците од основните училишта[1];
- Изложба на слики од дневниот ликовен хепенинг во рамките на Културно лето Карпош 2011[2];
- Изложба на фотографии[2];
- Изложба на акварели[2];
- Промоција на документарен филм посветен на општина Карпош;
- Промоција на ДВД-изданието на филмот „Исправи се, Делфина“ во чест на Атина Бојаџи.

1.6. Спортски активности:
- Организирање на спортски натпревари во пинг-понг, шах и табла;
- Ревијален натпревар во кошарка со екипи од збратимените општини;
- Промоција на талентираните спортисти;
- Училишни спортски игри[3].

[1] Предвидено со Програмата за дејноста образование за 2011 година

[2] Предвидено со Програмата за дејноста култура за 2011 година

[3] Предвидено со Програмата за дејноста спорт за 2011 година

1.7. Манифестации што ќе се организираат од основните училишта во општина Карпош:

- Цветно дефиле;
- Литературен конкурс;
- Квиз;
- Снимање на спот за детската химна на општината;
- Доделување стипендии за талентирани ученици од основното образование на подрачјето на општина Карпош[1].

1.8. Промоција на свечениот број на весникот „Карпош урбан".

1.9 Хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи" (собирање на хуманитарна помош за најзагрозените семејства на територијата на општина Карпош).

1.10 Крводарителска акција.

1.11 Свечена академија:

- Протоколарен дел;
- Обраќање на Градоначалникот на Општина Карпош;
- Доделување плакети на заслужни граѓани на општина Карпош.

1.12 Организирани содржини од туристички, културен и забавен карактер за гостите од збратимените општини Нов Белград, Република Србија, Тиват, Црна Гора и Тријадица, Република Бугарија, Стари Град, Босна и Херцеговина, како и со Општина Травник, Босна и Херцеговина.

2. За секоја од предвидените активности Организациониот одбор за одбележувањето на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош ќе изготви посебни планови во кои истите детаљно ќе бидат прецизирани, со динамика на нивното реализирање.

3. Потребните средства за реализацијата на Програмата за одбележување на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош во износ од 4.000.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година.

4. Програмата за одбележување на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош ќе ја реализира Организациониот одбор за одбележување на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош.

5. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот во објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Бр. 07 –4090/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.05.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Трифун Трифуновски,**с.р.**

[1] Предвидено со Програмата за дејноста образование за 2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за дејноста образование за 2011 година

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за дејноста образование за 2011 година донесена на Триесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 мај 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-4278/3**
**16.05.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и петтата седница одржана на 13 мај 2011 година донесе

ПРОГРАМА
**за дополнување на Програмата за дејноста образование за 2011 година**

1. Во Програмата за дејноста образование за 2011 година (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.12/2010) во **Глава I.** Креативно едукативни активности за ученици, во Точка 1 . Школа за фолклор- „Ајде да научиме да ги играме прекрасните македонски ора“ по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

-“ Школата за фолклор „Ајде да научиме да ги играме прекрасните македонски ора“ ќе ја реализира МКУД „Цветан Димов“.

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 4090/3
13.05.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ЈУОДГ “Мајски Цвет“

1.Се објавува Решението за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ЈУОДГ “Мајски Цвет“ донесено на Триесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 мај 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-4278/4**
**16.05.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 96 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2000, 17/2003,65/2004,113/2005, 98/2008, 107/2008, 83/2009, 156/2009 и 51/2011) Советот на Општина Карпош на Триесет и петтата седница одржана на 13 мај 2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈУОДГ “Мајски Цвет“

Член 1

Се рарешува од член на Управниот одбор на Јавната установа-Општинска детска градинка “Мајски Цвет“ – Општина Карпош-Скопје, претставникот од Општина Карпош:

-Гоце Бабовски и

Член 2

За претставник од Општина Карпош, во Управниот одбор на Јавната установа - Општинска детска градинка “Мајски Цвет“-Општина Карпош се именува:

-Александра Бошковска

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 4090/4
13.05.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Братство“

1.Се објавува Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Братство“ донесено на Триесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 мај 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-4278/5**
**16.05.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 124 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, бр.33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011 и 51/2011) Советот на Општина Карпош на Триесет и петтата седница одржана на 13 мај 2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Братство“

Член 1

Се рарешуваат од членови на Училишниот одбор на Осноновното училиште “Братство“ – Општина Карпош-Скопје, претставниците од Општина Карпош:

-Садула Исени, и

-Весела Паунчева Вељановска

Член 2

За претставници од Општина Карпош, во Училишниот одбор на Основното училиште “Братство“-Општина Карпош се именуваат:

- Ленче Брзовска, и
- Стефан Рошков

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 4090/5 ПРЕТСЕДАВАЧ
13.05.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталиџе 30, Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош- Скопје

1.Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталиџе 30, Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош- Скопје, донесена на Триесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 мај 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-4278/6**
**16.05.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 26 став 4, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање /„Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 24/08 – пречистен текст и 91/09/, и член 16 од Статутот на Општината Карпош „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош, на Триесет и петтата седница, одржана на 13 мај 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталиџе 30, Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош- Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се донеува Детален урбанистички план за за дел од УЗ Тафталиџе 30, Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош-Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Деталниот урбанистички план
е дефиниран со следните граници:

**На североисток**: осовината на бул. “Партизански одреди“

**На југоисток**: осовината на Бул. „8-ми септември “

**На северозапад**: осовината на ул. “Париска “

**На југозапад**: осовина на ул.“Иван Милутиновиќ“

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 5,9 ха.

## Член 3

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план, ги содржи следните намени: образование,домување во станбени згради со компатибилна намена, комунална супраструктура и зеленило.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени:

**В1-образование**

**А2-домување станбени згради**

**Е2-Комунална супраструктура**

**Д2-Заштитно зеленило**

Максималната висина за градба во планот се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и истата се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се гради во одредена височина,при што максималната висина на објектите изнесува H max = 21 м.

Со Нацрт-планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни параметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општината Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 4090/6
13.05.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1.-Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба Тафталице, “Тафталице 1 Север-Југ“, Општина Карпош – Скопје со Решение за објавување ........................ 2-5

2.-Програма за одбележување на 35-годишнината од формирањето на Општина Карпош со Решение за објавување ........................ 6-8

3.-Програма за дополнување на Програмата за дејноста образование за 2011 година со Решение за објавување ........................ 9-10

4.-Решение за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ЈУОДГ “Мајски Цвет“ со Решение за објавување ...................... 11-12

5.-Решение за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Братство“ со Решение за објавување .......................... 13-14

6.-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталице 30 Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош- Скопје со Решение за објавување ........................ 15-18

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение за поддршка за работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 50 примероци